РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 08-767/3
20.11. 2024 год.
ВЕЛЕС



# Програма за изведување на училишна екскурзија во учебната 2024/2025 за учениците од III (трета) и IV (четврта) година при ОСУ „Јовче Тесличков" - Велес

Согласно со чл.6 од Правилникот за изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта (07 - 9992/3 од 05.06.2014), програмата содржи:

**1. Воспитно-образовни цели на училишната екскурзија:**

Училишната завршна екскурзија наменета за учениците има за цел совладување, проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, природните убавини, културно-историските знаменитости на поблиската и пошироката заедница и добивање сознанија за одделни подрачја од животот и работата на луѓето. Како специфична организациска форма во многу нешта е незаменлива во поглед на остварувањето на одредени цели и задачи на училиштето.

Формираните претстави и поими во текот на учењето се највпечатливи преку директен контакт со предметите и појавитете кога предметите и појавите се набљудуваат и проучуваат во нивните вообичаени природни услови, односно кога на ученикот му се демонстрираат во нивната природна димензија.

Основни цели кои би се реализирале:

- Стекнување нови знаења и продлабочување на веќе постоечките поодделни области и наставни предмети;
- Збогатување на личните искуства и разбирање на вистинската суштина на животот;
- Поттикнување и интензивирање на интелектуалното доживување на појавите;
- Усвојување на воспитни вредности, социјализација, морален развој и културна свест;
- Подобрување на социјалната интеракција меѓу учениците и наставниците;
- Интензивирање на комуникацијата и дружењето меѓу соучениците;
- Проширување на сознанијата на учениците за културно-историски вредности соу ниверзално значење.

**2. Задачите на училишната екскурзија се остваруваат преку:**

- Запознавање со културно-историски знаменитости, традицијата и начинот на живеење на луѓето во Италија и Словенија;
- Формирање позитивни чувства и развивање интерес кон интернационалните, културните и естетските вредности кај учениците;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување, поддршка, солидарност и толеранција во комуникацијата и интеракцијата меѓу учениците;
- Формирање демократски ставови и надминување предрасуди,со цел успешна социјализација и нови искуства кај учениците.

**3. Содржини и активности:**

Посета и разгледување на градовите: Венеција, Верона, Сирмионе со Лаго ди Гарда, Фиренца, Љубљана и Белград.

- Посета на значајни локации во: Венеција, Верона, Фиренца, Сирмионе со Лаго ди Гарди, Љубљана и Белград;
- Сместување во Лидо Ди Јесоло, три (3) ноќевања во хотел со 3* ѕвезди, на база на полупансион (ноќевање, појадок и вечера), во три креветни и четири креветни соби;
- Студиска посета на градовите и на околината во Венеција, Верона, Фиренца, Љубљана и Белград;
- Активно учество на ученици кои претходно се подготвиле за некои интересни и значајни детали за местата или локации кои ќе ги посетат или веќе ги посетиле и споделување знаења и искуства за истите.

**4. Раководител, наставници, ученици:**

Раководител на екскурзијата: Жаклина Ивановска Зафирчева
Одговорни наставници: Класни раководители на III (трета) и IV (четврта) година
Учесници во екскурзијата: Учениците од III (трета) и IV (четврта) година и класните раководители
Број на ученици: 40 – 50 (проценка)

**5. Времетраење на екскурзијата:**

6 (шест) дена, со 3 (три) ноќевања
Време на изведување на екскурзијата: април - мај 2025 година;

**6. Локации за посета и правци на патување:**

**Правци на патување:**

**1 ден.**

Состанок на групата на паркингот кај Кит-го во Велес во 14:30 часот. Поаѓање за Италија во 15:00 часот, преку граничниот премин Табановце. Дневно и ноќно возење преку Србија, Хрватска и Словенија со попатни паузи за одмор и царински формалности.

**2 ден.**

Пристигнување во Лидо ди Јесоло на пристаништето "Пунта Сабиони". Превоз со брод до центарот на Венеција. Разглед на најпознатиот град на вода: плоштадот и црквата Св.Марко, Мостот на воздишките, Дуждевата палата, Прокуратите, Мостот Риалто, Каналот Гранде…
Слободно време за индивидуални прошетки. Во договорено време враќање со бродот до Пунта Сабиони.
Сместување во хотел во Лидо ди Јесоло.
Вечера.
Ноќевање.

**3 ден.**
Појадок.
Упатување кон Верона – градот на Ромео и Јулија. Разглед на плоштадот во близина на Арената, прошетка на познатата улица Mazzini која низ центарот води директно до плоштадот Ербе. Разглед на плоштадот "Dei Signori" каде се наоѓа статуата на Данте, а потоа упатување кон дворот на куќата на Јулија.
Слободно време за прошетка.
Потоа упатување кон Сирмионе – стариот утврден град, тврдината Сцалигера и езерото Лаго ди Гарда.
Враќање во хотелот.
Вечера.
Посета на дискотека.
Ноќевање.

**4 ден.**
Појадок.
Упатување кон Фиренца, срцето на Италија и бисерот на ренесансата.
Пристигнување во Фиренца и разглед на: Црквата Санте Кроче,Плоштадот Сињори, Палацо и Понте Векио, Дуомото Санта Марија дел Фјоре, Крстилницата Сан Џовани...
Слободно време за индивидуални прошетки и разгледи.
Во договорено време, враќање кон Лидо ди Јесоло.
Вечера.
Ноќевање.

**5 ден.**
Појадок.
Одјавување од хотелот.
Упатување кон еден од најголемите шопинг центир во Италија – Palmanova Outlet Village. Слободно време за шопинг.
Продолжување кон Љубљана и пристигнување во попладневните часови.
Разглед на градот: Змејскиот мост, мостовите на реката Љубљаница, Прешерновиот споменик, Робовата фонтана и Фрањевачка црква.
Напуштање на Љубљана и упатување кон Белград.
Ноќно патување.

**6 ден.**
Пристигнување во Белград во утринските часови.
Разглед на Калемеган, Кнез Михајлова, Белград на вода и Галерија.
Тргнување за Северна Македонија во попладневните часови.
Пристигнување во Велес во вечерните часови.

*Во понудата да биде пресметано патничко осигурување и влезница во дискотека

При посетата на овие локалитети, учениците преку предавања од страна на стручни лица ќе се запознаат со природните, историските, географските и културните одлики во овој регион што ќе придонесе за збогатување на знаењата на учениците преку негување на традицијата, запознавање на природните богатсва на нашата земја и нивно културно издигнување во општествениот систем на живеење.

**7. Техничка организација:**

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училищни екскурзии за учениците од средните училишта, училишната комисија формирана со одлука на Училишниот одбор, ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди, во придружба на лице од агенцијата и лекар.

**8. Начин на финансирање:**

Трошоците за патување во целост ги сносат родителите / старателите на учениците.

**Програмата ја подготвија:**

Директор: м-р Васко Трајковски
Педагог: Билјана Коџабашиева
Раководител на екскурзијата: Жаклина Ивановска Зафирчева
Класен раководител: Македонка Миланова
Класен раководител: Марија Панчевска
Класен раководител: Каролина Манаскова
Наставник: Маја Талеска Панова